# Newsletter 008:

## Препораки на јавни политики – Кон трансформација на трудот

## ПОЛИТИКИ ШТО ПРОМОВИРААТ ПРАВИЧНОСТ ВО ПЛАТИТЕ

Искуството стекнато во борбата против родовиот јаз во платите и неодамнешните случувања во Европа ја сочинуваат рамката на клучните препораки за насочување на развојот на јавните политики. Различни извештаи и стручњаци, како што се оние претставени во планот на патот на Европската комисија, заговараат мерки за обезбедување на ефикасна примена на транспарентност на платите и еднакви можности на работното место. Препораките вклучуваат следното:



- Темелна транспозиција и имплементација на директивата: Клучно е државите членки да ги прилагодат и имплементираат прописите за транспарентност на платите во рамките на утврдените рокови, обезбедувајќи сите компании, без оглед на големината, да ги почитуваат барањата за известување за јазот во платите.
- Јакнење на социјалниот дијалог и колективното преговарање: Промовирање на дијалогот помеѓу работодавачите, работниците и синдикатите за да се дефинираат договори за работа со посебни клаузули за еднаквост на платите, врз основа на периодични ревизии и евалуации.
- Користење технологии за олеснување на пристапот до информации: Развивање на дигитални платформи кои што овозможуваат увид во податоците за плати во реално време, олеснувајќи го утврдувањето на нееднаквостите и зголемувајќи ја преговарачката моќ на работниците.
- Имплементација на ефикасни санкции: Воспоставување механизми за контрола кои што обезбедуваат примена на пропорционални санкции за компаниите што не ги елиминираат неоснованите разлики во платите, со што се заштитува правото на еднакви плати.
- Обука и подигнување на свеста: Промовирање на програми за обука што ја подигнуваат свеста како меѓу работодавачите, така и меѓу работниците за значењето на транспарентноста и еднаквост во платите, и што ги поттикнуваат културолошките промени неопходни за искоренување на дискриминаторските практики.

Co-funded by the European Union



Проектот Mind the GAP е посветен на продолжување на следењето на овие препораки и на блиска соработка со синдикалните организации за да се промовира сè поправедно и потранспарентно работно опкружување.

Co-funded by
the European Union

*"Финансира Европска унија. Изнесените ставови се мислење на самиот(ите) автор и не ги одразуваат нужно ставовите на Европска унија или Европска комисија. За нив не може да се смета дека се одговорни ниту Европска унија ниту органот што ги доделува средствата."*